**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-14/6**

**Скопје, 17.01.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КОСЕЛ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Единицата на локална самоуправа Косел сметка на Органот за 2005 година кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Косел за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Драган Тодоровски – градоначалник на општина Косел во 2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 22.09.2006 до 25.09.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија .

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Присутна е појавата општина Косел да се јавува како директен набавувач на инвестициони материјали ( цемент, арматурни мрежи, даски, електро кабли, канделабри, сијалици и други материјали) во износ од 104 илјади денари, кое не е во согласност со надлежностите на општината утврдени со Законот за локална самоуправа. Од приложената документација ревизијата не доби уверување дека овие материјали се вградени во одредени објекти. Ваквиот начин на работа дава можност за зголемено, неконтролирано и ненаменско користење на средствата со кои располага општината.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што општина Косел со новиот Закон за територијална организација е припоена кон општина Охрид.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Општина Косел не води книга на основни средства што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ова е од причина што со години наназад, состојбите на набавната вредност и исправката на вредноста на материјалните средства се обезбедуваат од пописните листи. Немањето доволно податоци доведува до неусогласувања на сметководствената со состојбите утврдени со пописот и до изготвување нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници службата за сметководство на општина Охрид, да воведе книга на основните средства, за превземените основни средства од општина Косел.

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Евидентирани се расходи во износ од 191 илјада денари кои се однесуваат на плаќања за зимско одржување на патишта, за одржување на улично осветлување во општина Косел и за ископ на канал и поставување на водоводни цевки за поврзување на бунар со водоводна мрежа во с. Ливоишта. Плаќањата се кон физички лица ангажирани по договор на дело. Како прилог кон решенијата по кои се исплатени средства на овие лица, нема:

- спецификација ( извештај ) за извршени работи од која би можело да се види кои денови, колку часа и на кои објекти овие лица работеле потврдена од стручно лице од општината;

- прилог на документи од кои би можело да се види дека материјалите кои општината ги набавила се примени од ангажираното лице и доказ дека истите се вградени ( употребени ).

Непостоењето на внатрешни контролни постапки доведува до појава на нереални трошоци кои не се поткрепени со валидна документација .

## 10.4. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба

10.4.1. За искажаната состојба во износ од 104 илјади денари на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојба ревизијата не можеше да се увери во реалноста на истата од причина што:

- На ревизијата не и беа презентирани на увид имотни листи за имотот со кој располага општината;
- Не е целосно спроведено Решението на Владата на Република Македонија број 23-257/80 од 08.02.2000 година за пренесување на правото на сопственост по делбениот биланс помеѓу Република Македонија и новоформираните општини;
- По споменатото решение обезбедени се поседовни листи за земјиштето, но не е утврдена вредност на истото по која би било сметководствено евидентирано;
- Пописните листи за основни средства ( опрема ) содржат само натурални а не и парични вредности; и
- Не е изготвен извештај за пописот на материјалните средства.

Ова е резултат на немање на интерни акти за споведување на попис и неправилна примена на законските прописи. Како последица на ова не е извршено усогласување помеѓу фактичката состојба и состојбата прикажана во сметководството.

**Препорака:**

- Општина Охрид да обезбеди имотни листи од надлежниот орган;
- Да се утврди вредност и да се евидентира имотот добиен согласно решението број 23-257/80 од 08.02.2000 година во сметководствената евиденција на општина Охрид;
- Потребно е да се изврши обележување (инвентарисување) на основните средства.

10.4.2. Со решение од Бирото за стопански недоволно развиени подрачја бр.07-263/2 од 18.02.05 на општина Косел и се одобрени средства во износ од 3.129 илјади денари за изградба на локален пат од 1.5 км Речица - Плаќе.

Со известување бр.03-94/3 од 07.06.2005 општина Косел го известува Бирото дека изградбата на патот е завршена. Изведувач на работите е АД Илинден Струга, по спроведена јавна набвка и склучен договор за градба бр.03-87/1 од 13.04.2005 година.

Плаќањето кон АД Илинден е направено со цесија бр. 05-93/1 од 05.05.2005 година. Со увид во сметководствената документација на општина Косел, ревизијата констатира дека:

- Изградениот пат Речица – Плаќе не е евидентиран во сметководствената евиденција на ставката материјални средства;

- На ревизијата не и беа доставени на увид документи ( технички прием ) од кои би можело да се види дека патот Речица – Плаќе е завршен и пуштен во употреба.

Од причина што плаќањето со цесија е извршено директно од сметката на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја кон АД Илинден на 14.06.2005 година кога сметката на општина Косел е затворена, цесијата не е евидентирана во сметководствената евиденција на општината ниту е спроведена преку сметката на буџетот и органот на општината.

**Препорака:**

Надлежните служби во општина Охрид да обезбедат документи со кои ќе се потврди завршувањето на градежните работи на патот Речица – Плаќе, да се направи технички прием и истиот и да се евидентира во сметководствената евиденција.

## 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

### 10.5.1. Непримeнување на постапките од Законот за јавни набавки

10.5.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, Ревизијата утврди непримeнување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 19/04, 109/05) и тоа:

- Не е донесен план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи што е спротивно на член 11 од Законот;
- не се води регистар на постапките за јавни набавки што е спротивно на член 17 од Законот;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност согласно член 72 од Законот;
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.
- Не се спроведени постапки за јавни набавки во вкупен износ од 396 илјади денари, и тоа:
  - 150 илајди денари за градежни и електро материјали;
  - 191 илјада денари за ангажирање на лица по договор на дело за зимско одржување на патишта и улично осветлување,и
  - 65 илјади денари за дупчење на експлотационен бунар во с. Ливоишта.

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки оневозможува фер конкуренција, транспарентност и јавност.

11. Поради значајноста на наодите изнесни во точките 10.1., 10.3. и 10.4., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Косел на ден 1 јуни 2005 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Поради значајноста на наодите во точките 10.4. и 10.5. кај сметката на Органот на Општина Косел, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 03.11.2006 година** **Овластен државен ревизор**

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**ОРГАН НА ЕЛС КОСЕЛ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ДЕН 01.06.2005**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 1.707 | 6.804 |
| **Вкупно приходи** | | **1.707** | **6.804** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 583 | 1.611 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 825 | 2.508 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.2.3. | 135 | 359 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.543** | **4.478** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 164 | 2.326 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **164** | **2.326** |
| **Вкупно расходи** | | **1.707** | **6.804** |

## ОРГАН НА ЕЛС КОСЕЛ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 01.06.2005

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 368 | 93 |
| **Вкупно тековни средства** | | **368** | **93** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 104 | 89 |
| **Вкупно постојани средства** | | **104** | **89** |
| **Вкупна актива** | | **472** | **182** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 323 | 93 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 45 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **368** | **93** |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 104 | 89 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **104** | **89** |
| **Вкупна пасива** | | **472** | **182** |

**ОРГАН НА ЕЛС КОСЕЛ**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **89** | **-** | **89** |
| **Зголемување по основ на:** | **15** | **-** | **15** |
| Набавки | 15 | | **15** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **104** | **-** | **104** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
***Бр.*** *1405-14/15*
***Скопје,*** *01* **-** *03.* ***2007 година***

Согласно член 23 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник РМ„, бр 70/06……….65/97) , е добиен Приговор број 1403 – 14/14 од 15.02.2007 година по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 200 5 година на Општина Косел од г-дин Драган Тодороски, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното :

Р Е Ш Е Н И Е

*по поднесен приговор на Конечен извештај*

1. Приговорот по наодот од точка 10.3.1. по Конечниот извештај за извршена ревизи на финансиските извештаи за 200 5 година на Органот на Општина Косел не се прифаќа и истата останува во Конечниот извештај а приговорот по наодот од точка 10.4.2. делумно се прифаќа и наодот останува во Конечниот извештај.

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај всушност претставу прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извешт

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија финансиските извештаи за 2005 година на Органот на Општина Косел поднесен е приговор број 1403 – 14/14 од 15.02.2007 година од одговорното лице на субјектот з периодот кој е предмет на ревизија од г-дин Драган Тодороски

Образложенијата се следните:

1. Приговорот по наодот по точка 10.3.1. не се прифаќа од причина што е постапен спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, евидентирани се расходи кои не се поткрепени со валидна и комплетна документа кое се должи на непостоењето на внатрешни контроли.

2. Приговорот на наодот од точка 10.4.2. делумно се прифаќа во делот на алинеја 2 што се однесува за техничкиот прием на патот Речица Плаќе од причина што патот целосно не е завршен. Наодот останува во делот на немање на евиденција за изградбата на овој пат односно истиот не е евидентиран во сметководствената евиденција,како инвестиција во тек што е спротивно на Законот за сметководство н буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Главен државен ревизор ,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**

***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***